РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-504/3
04-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предмет со бр. 12-2566/1 од 25.09.2025 година, за наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за локалните избори во 2025 година против лицето ----, Директор на ОУ "----" с. ----, Општина ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, во пријавениот случај поради тоа што не се прекршени одредбите од член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. За предметниот случај по барање на ДКСК постапил друг надлежен орган – ДПИ кој по извршениот надзор не утврдил неправилности.

Предметот со бр. 12-2566/1 од 25.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 25.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за локалните избори во 2025 година, по која е оформен предметот бр. 12-2566/1 од

25.09.2025 година. Подносителот, магистер по ликовна уметност со над 8 години работно искуство како наставник, наведува дека по двегодишна работа како наставник во ООУ „---- “ – ----, Општина ---- бил отстранет од работното место на незаконит начин од страна на директорката ---- и под влијание на раководството на Општина ----. За време на распишаните локални избори 2025 година, како што стои во пријавата, директорката на ООУ „---- “ - ----вработила друго лице на неговото работно место, кое било во блиски роднински врски со градоначалникот на Општината, без соодветно образование и доволно кредити, иако подносителот ги исполнил сите барани услови за повторно вработување како наставник по ликовна уметност во ова училиште.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации, а подоцна и ургенција до ДПИ.
Од страна на ДПИ до ДКСК биле доставени бараните информации и по увидот во прибавената документација, утврдена е следната фактичка состојба:
Од извршениот инспекциски надзор, ДПИ констатира дека лицето ----, дипломиран професор по ликовна уметност, имал склучен договор за работа на определено работно време во училиштето ООУ „---- “ – ---- во периодот од 02.09.2024 година до 30.11.2024 година и од 13.02.2025 година до 31.08.2025 година. Во моментот на вршење на надзорот, неговиот договор за работа во училиштето бил истечен.
Од увидот во доставената документација од Општина ---- до училиштето, ДПИ констатирал дека во Известувањето и прегледот на одобрени согласности за вработување на определено работно време -старо финансирање за учебната 2025/2026 година, се бара вработување на наставник по ликовно образование и наставник по етика на религиите, по основ на итни и неодложни работи согласно член член 9 став 4 од Закон за наставници и стручни соработници („Службен весник на РСМ", бр.161/2019).
Врз основа на дадената согласност за итни и неодложни работи за часовите по ликовно образование и етика на религии, училиштето го ангажирало лицето ----, дипломиран педагог по ликовна уметност-графика, со кој бил склучен договор за работа на определено време за периодот од 01.09.2025 година до 30.11.2025 година во време на распишани локални избори. ДПИ констатирал дека изборот на наставникот ---- бил извршен во согласност со член 9 став 4 од Законот за наставници и стручни соработници.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Истотака, ДПИ констатирал дека подносителот на пријавата, наставникот ---- со Изјавата со бр. ----/2 од 06.03.2026 година го известил директорот на училиштето ООУ „---- “ - ---- дека е вработен во друго училиште, ООУ "----", с. ----, општина ---- како наставник по предметот ликовно образование.
По извршениот инспекциски надзор во случаите поврзани со двата наставника, ДПИ не констатирал повреди на законските одредби, ниту пак процедурални неправилности или пречекорување на надлежностите од страна на директорот на училиштето ООУ „---- “ - ----.

По разгледување на прибавената документација и соодветната правна регулатива, ДКСК констатира дека во пријавениот случај се работи за вработување на наставен кадар во училиштето по основ на итни и неодложни работи заради непречено одвивање на образовниот процес за време на распишани избори, дејствие кое е утврдено како исклучок од забраните утврдено со член 2 точка 29 од Изборниот законик, и истото не претставува прекршување на забраната за започнување на постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работниот однос утврдена во член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Истотака, за предметниот случај по барање на ДКСК постапил друг надлежен орган – ДПИ кој по извршениот надзор не утврдил неправилности.
Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. **виш** соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: **Б.Џ.**/ В.ХН член/anëtar на ДКСК

**Доставено до:**
- **подносителот** на пријавата